Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Здружение на возачи на Град Скопје**, за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши пресадување ( корнење и повторно садење ) на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 8 (осум) дрва (3 кедари, 2 ореви, 2 диви костени и кисело дрво), што се наоѓаат на **ул. Народни херои бр.16 – Скопје.**
2. Пресадувањето на зеленилото треба да го организира барателот под надзор на ЈП Паркови и зеленило – Скопје на локација утврдена во кординација со ЈП Паркови и зеленило – Скопје
3. Пресадувањето да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се задолжува ЈП Паркови и зеленило – Скопје да изготви записник за сите дејствија предвидени во точка 1 од ова решение.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Здружение на возачи на Град Скопје - Скопје, Бул. Св. Климент Охридски бр. 58б,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/125** од **07.03.2023** година, за интервенција врз зеленилото што се наоѓа на **ул. Народни херои бр.16 – Скопје.**

Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП Паркови и зеленило – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација на ден **09.03.2023** година. При тоа е утврдено дека, зеленилото предмет на барањето пречи за измена на режим на сообраќај на ул. Борис Трајковски бр. 16, согласно Правосилно решение за измена на режим на сообраќај бр. 15-2589/4 од 07.04.2020 година, издадено од Град Скопје, поради приклучок на објект за станица за технички преглед на моторни возила.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.

Во член 14 од истиот закон стои дека, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на јавни зелени површини може да се врши заради нивно одржување или обновување, ако се нападнати од штетни инсекти и растителни болести, ако се суви или оштетени од елементарни непогоди, ако пречат на подземни или надземни инсталации, кога постои опасност да причинат човечки или материјални штети, ако пречат на видливоста на улиците и на проодноста на тротоарите и патеките, како и

заради изградба на објекти предвидени со урбанистичките планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение.

Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило дека барателот располага со правосилно решение за трајна измена на режим на сообраќај. Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, овој орган има одлучено да се врши пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење ) во соработка и под надзор на ЈП Паркови и зеленило – Скопје.
Бидејќи во случајот не се врши сечење на зеленилото не постојат услови да му се наметне обврска на барателот за компензациско садење.

Поради се горе наведеното овој орган има одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/125/2**
**10.03.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
Барателот
ЈП Паркови и зеленило – Скопје
и Архива

изготвил:
______________________
**Марија Стојановска**

контролирал:
______________________
**Раководител на Одд.**
**Емил Дуровиќ**

По овластување на
Градоначалникот на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи

______________________
**Зоран Лапевски**